АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-12357/6
28.12.2020 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 100-та редовна седница одржана на ден 28.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Посебните услови за осигурување на ученици и студенти од последици на несреќен случај (незгода)**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Посебните услови за осигурување на ученици и студенти од последици на несреќен случај (незгода), и тоа:

1. **Во членот 1,** во ставот (2) , втората алинеја во целост се брише;

2. **Во членот 5,** став (3), точка 8, се бришат зборовите на почетокот на реченицата „Прснување на мускули" и запирката по зборовите;

3. **Во членот 7,** во ставот (1), точка 1:
   **3.1. во првата реченица** се бришат зборовите „...или осигурената сума за случај на смрт од болест..." ,
   **3.2. втората реченица** се издвојува во нов ред, се додава бројот 1.а., се менува и гласи:
   „ 1.а. Ако настапи смрт на осигуреникот помлад од 14 години, осигурувачот е во обврска да ги исплати трошоците за погреб според доставените сметки, односно вообичаените месни трошоци за погреб, но најмногу износот кој како максимален е утврден со одлука на надлежниот орган на управување на осигурувачот."

4. **Во членот 12,** став (2), во втората реченица, по зборот „содржи:" натамошниот дел од реченицата се менува така што гласи:
   „ - почетна документација од првиот лекарски преглед на денот на незгодата, односно првиот лекарски преглед по незгодата;
   - сите лекарски извештаи и наоди издадени во тек на лекувањето."

5. **Во членот 13,** во ставот (1), зборот „затезна" се заменува со зборот „казнена",

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Посебните услови за осигурување на ученици и студенти од последици на несреќен случај (незгода).

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од 01.01.2021 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*м-р Марија Томеска*